ЕВРО
БАЛКАН

# АНАЛИЗА НА ОДНОСОТ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ВО ПЕРИОДОТ 2009 - 2012

Февруари 2012

## ВОВЕД

Генералната цел на оваа анализа е да го утврди односот на македонските печатени медиуми кон работата на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК). При нејзиното изготвување, печатот ќе биде третиран како еден од главните креатори на јавното мислење, а неговиот однос кон работата на АЕК како важен индикатор на односот на пошироката јавност кон Агенцијата и еден од основните фактори за изградбата на нејзиниот јавен имиџ. Анализата ќе ги опфати како ставовите на печатот (т.е. на одделните печатени медиуми), така и изјавите и ставовите на другите фактори кои влијаат на формирањето на јавното мислење, како што се политичките партии, експертите, невладините организации и слично, а кои се пренесени од страна на печатените медиуми. Покрај содржината на новинските статии и директните коментари за активностите на АЕК содржани во нив, како индикатор за односот на печатените медиуми ќе бидат земени и редакциската опрема на текстовите (наслови, наднаслови, поднаслови, „хајлајти“) која сугерира определен став на медиумот кон пласираната информација, медиумскиот простор посветен на информациите за работата на АЕК, како и медиумскиот простор отстапен за позитивни и негативни коментари на трети страни (политички партии, експерти, невладини организации, заинтересирани граѓани и сл.) поврзани со одделни аспекти од работата на Агенцијата.

Заради остварување на целта на анализата, прегледани се 183 новински статии објавени во периодот од 1 јануари 2009 до 1 февруари 2012 година, во кои во различен контекст се споменуваат активностите на АЕК (или директно се третираат различни аспекти од нејзината работа), а кои се зачувани и достапни во рамките на Електронската новинска архива на Институтот „Евро Балкан“.[1] Основни методи употребени при изработката на анализата се методите анализа на содржина и анализа на дискурс.

По прегледот на архивираните статии, утврдено е дека АЕК е често споменувана во македонските печатени медиуми, во различен контекст. АЕК е присутна во печатот како во контекст на нејзините преземени активности (т.е. во рамките на новинските статии кои се посветени исклучиво на информирање на јавноста за одредени активности преземени од страна на АЕК), така и во контекст на други теми кои се тесно поврзани со дел од задачите на АЕК (но не само на АЕК) и кои предизвикуваат забележително медиумско внимание. Новинските статии во рамките на кои се споменува АЕК би можеле да бидат генерално поделени во шест категории, во зависност од темите кои ги обработуваат:

---

[1] Електронската новинска архива функционира во рамките на Институтот „Евро Балкан“ од 1999 година, а нејзина основна задача е мониторинг на македонските печатени медиуми, прес-клипинг и архивирање на објавени новински статии. Селекцијата на статиите кои се внесуваат во Електронскта новинска архива се врши врз основа на однапред дефинирана методологија и критериуми кои вклучуваат релевантност и актуелност на обработуваните теми, застапеност на информациите и застапеност на сите различни политички гледишта. Од тие причини, иако статиите прегледани за потребите на оваа анализа не се **сите** статии во кои се споменува АЕК во наведениот период, тие се сепак **репрезентативен примерок** на информациите и ставовите објавувани во печатот кои се однесуваат на Агенцијата, чија анализа овозможува остварување на основната цел на ова истражување – утврдување на односот на македонските печатени медиуми кон работата на Агенцијата за електронски комуникации во периодот 1 јануари 2009 –1 февруари 2011 година.

1. Новини и состојба во телекомуникациите;
2. Партиски пресметки;
3. Следење на комуникациите;
4. Проект „Скопје 2014";
5. Афера „Телеком";
6. Други теми кои го привлекуваат медиумското внимание.

Пласираните ставови и генералниот однос на печатените медиуми кон работата на АЕК се различни во зависност од тематскиот контекст во кои се третирани, генералниот однос на печатените медиуми кон третираните теми, како и од политичкиот контекст во периодот на зголемена актуелизација на темите.

### 1. Новини и состојба во телекомуникациите

Во оваа категорија спаѓаат новинските статии во кои се информира за редовните активности на АЕК поврзани со нејзината основна задача – регулација на пазарот на електронски комуникации. Темата е често присутна во печатените медиуми, но со низок до среден интензитет - ретко се јавува како главна (ударна) тема во печатените медиуми и уште поретко предизвикува интензивна јавна дебата или продлабочени анализи на различните аспекти на темата. Генерално, новинските текстови од оваа категорија се со позитивен осврт кон работата на Агенцијата. Тука спаѓаат повеќе под-теми: (1) воведување на новини во телекомуникацискиот пазар (како на пример 3Г и 4Г телефонија, побрз интернет и сл.), (2) состојбата на пазарот – висината на цената наспроти квалитетот на услугите, (3) тендери за нови оператори во телекомуникациите (интернет, кабелски оператори како и оператори во фиксната и мобилната телефонија) и (4) репортажи за поплаките на граѓаните околу квалитетот на телекомуникациските услуги. Покривањето на овие теми во печатените медиуми е објективно и позитивно во однос на Агенцијата, вклучително и во медиумите што во дадениот период имаат критички однос спрема властта.

Првата под-тема на текстовите ги разгледува новините на електронскиот пазар што се воведуваат или се во најава за скорешно воведување. Такви новини се следните: 3Г телефонија, 4Г телефонија, оптички интернет и кабелска телевизија. Во текот на 2010 има неколку статии за новините во однос на воведување на 3Г и 4Г телефонија и тендерот за воведување на нов оператор во мобилната телефонија. Во овие статии Агенцијата се третира неутрално и со одредена доза на оптимизам во однос на поевтинување на услугите на пазарот за електронски комуникации и подобрување на квалитетот на услугите. Во текот на 2011 медиумите позитивно го третираат распишувањето на конкурсот за 4Г телефонија. Со воведувањето на новите технологии се очекува поевтинвуање на постоечките цени и подобрување на квалитетот на услугите. Оваа новина според медиумите се смета за доближување на македонското општество до светските напредни општества. Со воведување на оваа технологија, според печатените медиуми, „се очекува мобилните оператори да почнат да работат на оваа напредна мрежа, која е нов стандард и на светско ниво и овозможува многу побрз пристап до интернет," а воведувањето на оваа технологија се очекува до втората половина на 2014 година. Во овие извештаи се наведуваат и одредени технички

детали за особеностите на оваа технологија и се повикуваат на истражувањата на АЕК за сегашната состојба на пазарот како и на очекувањата на граѓаните. Овој тип на новински текстови се објавуваат главно во одделите посветени на економијата, а се придружени и со изјави од претставници на Агенцијата, најчесто од директорот.

Во оваа под-тема на новински текстови влегуваат и најавите за влез на нови оператори на пазарот за електронски комуникации, како што е влезот на „Телеком Словенија" есента 2009, кој е дочекан позитивно во однос на очекувањата за зголемување на конкурентноста на овој пазар во Република Македонија. Како позитивен настан се смета и промоцијата на контакт центарот на АЕК. По промоцијата на контакт-центарот за жалби и поплаки при крајот на 2011, следиме низа на репортажи за работата на овој центар што се од информативен карактер и ја отсликуваат работата на ова тело. Овие репортажи се од позитивен карактер за имиџот на АЕК, бидејќи ја доближуваат Агенцијата до обичните луѓе и даваат позитивна слика за работата на истата. Во овие репортажи се пренесуваат и критиките на граѓаните за скапите услуги на различните оператори.

**2. Партиски пресметки**

Во оваа група на новински известувања од печатените медиуми ги вбројуваме сите, главно негативни и критички статии што се упатени кон владеачката партија. Овие текстови се пренесување на критиките на опозиционите политичари спрема владеачките, а АЕК се среќава како една од државните агенции на мета на овие политичари. Најчесто критиката не е упатена директно кон Агенцијата, туку таа се споменува, или се набројува заедно со други агенции, како на пример Советот за радиодифузија, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Комисијата за заштита на конкуренцијата и слично. Овие агенции се обвинуваат за слаб капацитет, застапеност на корупција, нивна партизацијата, недоволна транспарентност при јавните набавки, како и за недоволно обрнување на внимание на конфликти на интереси.

Посебно внимание привлекуваат серијата на новински написи за перцепираната партизација на владините агенции. Овие новински извештаи главно потекнуваат од, во тој момент, медиуми блиски на опозицијата и се карактеризираат со негативен однос, пред сѐ кон владеачката партија. Овие медиуми ја обвинуваат владеачката партија дека врши превземање на агенциите и дека ги става под „партиска капа". АЕК во овие критички написи се среќава на мета на медиумите најчесто „во пакет" со другите регулаторни агенции и тела. Сепак, има и случаи кога Агенцијата е директно нападната, како на пример при изборот на Гордана Ивановиќ за раководител на Комисија за електронски комуникации (во рамки на АЕК) во април 2010. Така на пример насловот на статијата во Утрински весник од 23.04.2010 гласи „Од партиска комисија до директор на регулаторно тело". Една од критиките е и перцепираната висока плата на функционерите од Агенцијата која, според печатените медиуми, е повисока од претседателот на Собранието на Републиката како и од примањата на претседателот на Владата. Овие критики се однесуваат на периодот во 2010 година. Покрај критичкиот однос кон власта и генерално негативниот однос на медиумите блиски до опозицијата, сепак, во овие критики најчесто не се напаѓа директно работата

на Агенцијата туку, можеме да кажеме дека АЕК во овие случаи претставува еден вид на „колатерална штета" во партиските пресметки. Чест е случајот истите медиуми во еден број да изнесат критики од оваа категорија, додека, во друг број да дадат извештај од претходно наведената категорија, односно да објават репортажа за воведување на некои новини на пазарот за електронските комуникации во кои што АЕК е претставена во позитивно светло или неутрално, што повторно оди во прилог на позитивниот имиџ на Агенцијата.

### 3. Следење на комуникациите

Агенцијата се споменува при известувањата на медиумите околу промените на законската регулатива во однос на следењето на комуникациите (што често во медиумите се подведува под поимот „прислушување").. Во овие текстови среќаваме критика кон власта и стравувања за евентуалната злоупотреба на овласувањата во однос на следењето на комуникациите на граѓаните. Се разбира, АЕК е една од најповиканите институции во однос на оваа проблематика. Сепак, покрај критиките на опозиционите медиуми кон владеачката партија, како и стравувањата за евентуалните злоупотреби на овластувањата за следење на комуникациите, АЕК не е директна мета на критика. Единствено, критичарите ја споменуваат Агенцијата во однос на нејасната задача што на истата и се дава во законската регулатива. На удар на критичарите е Законодавецот заради нејасната законска регулатива, но не се среќава критика на работата на Агенцијата. Во таа смисла можеме да заклучиме дека оваа група на критики имаат главно неутрален однос спрема самата Агенција, односно најчесто изнесуваат стравувања за можноста од евентуални злоупотреби во иднина.

### 4. Проект „Скопје 2014"

Проектот „Скопје 2014" претставуваше, и се уште претставува една од главните теми за партиска пресметка помеѓу опозицијата и власта. Во критиката на проектот „Скопје 2014," покрај медиумите блиски до опозицијата се вклучени и повеќе колумнисти, универзитетски професори, интелектуалци, активисти и, се разбира, опозициони политичари, кои преку интервјуа за печатените медиуми, колумни или отворени писма го напаѓаат овој владин проект. Дел од проектот „2014" претставува и новата зграда на Агенцијата за електронски комуникации што е во изградба на левата страна од реката Вардар. Оваа група на текстови, треба да нагласиме, иако е критичка спрема владата и владеачката партија, во однос на АЕК има неутрален карактер, т.е. Агенцијата главно се споменува во набројување заедно со останатите институции што ќе добијат објекти во рамките на овој проект. Единствената директна критика е во однос „барокниот" стил на зградата. Имено, дел од медиумите, а особено некои интелектуалци и колумнисти сметаат дека е несоодветно една институција како што е Агенцијата за електронски комуникации да добие зграда со „барокна" фасада. Според истите, барем за АЕК требало да се обезбеди зграда со посовремен изглед.

### 5. Афера „Телеком"

Печатените медиуми посветуваат особено внимание на аферата со подмитувањето на политичари од страна на „Дојче телеком" и „Мaѓар телеком" во текот на 2005 година. Вестите за оваа афера се провлекуваат низ целиот период на нашето истражување, од 2009 до 2012, со посебно интензивирање на интересот за оваа тема последните неколку месеци. Оваа тема е посебно интересна за медиумите заради евентуалната вмешаност во „скандалот" како на сегашните опозициони политичари, кои во 2005 и 2006 година биле на власт, така и на припадници на сегашните владеачки партии, чии што истакнати функционери во истиот период биле вработени во агенцијата Аналитико, која што во тој период имала склучено договор со „Македонски телекомуникации" за маркетинг услуги и за продавање на сим-картички. Критиката кон обете страни истовремено е посебно нагласена од страна на медиумите што се обидуваат да изградат имиџ на неутрални медиуми. Генерално, оваа тема е од интерес на сите медиуми, при што варира интересот за актерите во аферата, во зависност од уредувачката политика на весникот. Така, медиумите блиски до партијата на власт зачнуваат теми за истражување на одговорноста на актерите чии што партии денес се во опозиција, додека пак, медиумите со про-опозициона уредувачка политика начнува теми за горенаведената „Аналитико АИ" и истражуваат кој се од сегашната партија на власт бил вработен во оваа агенција. Во медиумското покривање на оваа тема, сегашната работа на АЕК не е од посебен интерес за новинарите. Агенцијата се споменува во контекст на темата единствено како еден од чинителите во минатото, кој (под влијание на тогашната власт) го успорувал процесот на либерализација на пазарот на телекомуникациски услуги и со тоа овозможил остварување на екстра-профити на македонскиот пазар од страна на „Дојче телеком" и „Мaѓар телеком".

### 6. Други теми кои привлекуваат медиумско внимание

Од останатите теми кои го привлекуваат медиумското внимание во периодот 2009 – 2012 издвојуваме теми што се од јавен интерес и се однесуваат на електронските комуникации и општата состојба во државата, како на пример достапноста на одредени телекомуникациски услуги во однос на стандардот на населението, евентуалната штетност на телекомуникациските уреди врз здравјето на луѓето и слично. Агенцијата за електронски комуникации во овие новински текстови се третира неутрално. Медиумите посветуваат внимание на истражувањата на различни агенции и ги наведуваат и изјавите од страна на претставници на АЕК. Во патемни написи, медиумите го истражуваат евентуалното штетно влијание на мобилните апарати врз здравјето на луѓето. Се наведуваат совети и описи на штетноста на овие апарати како и на штетноста од зрачењето од базните страници.

Меѓу останатите теми што го привлекува вниманието на медиумите се и цените на медиумските услуги. Овие написи варираат од опис на сегашната состојба во која според овие медиуми, телекомуникациските услуги се скапи за семејниот буџет на просечното семејство во Република Македонија, до изразување на надеж за поевтинување на овие услуги. Овие новински написи се со позитивен пристап кон

работата на АЕК, бидејќи во нив се нагласува надежта на јавноста за „воведување на ред" во телекомуникацискиот пазар од страна на Агенцијата. Во извештатите од овој тип најчесто се пренесуваат изјави од претставници на Агенцијата во врска со состојбата на пазарот и очекувањата за подобар квалитет и пониски цени на услугите. Медиумите известуваат за измените на регулативите од страна на Агенцијата во однос на заштитата на корисниците и подобрувањето на бизнис климата на пазарот за електронски комуникации. Нагласена е важноста на овој пазар во современата економија, како и за позитивниот импакт на развојот на пазарот за електронски комунијации врз целокупната економија во Република Македонија. Написите на печатените медиуми за оваа под-тема имаат главно позитивен осврт врз работата на АЕК, а посебен простор е одвоен за интервјуа со директорот на Агенцијата.

Од останатите осврти на медиумите во врска со работата на АЕК, ќе ги споменеме и извештаите во врска со непрофитноста на телефонските говорници и нивното евентуално изумирање. Во овие извештаи, АЕК се споменува неутрално.

Во почетокот на оваа година се забележува тенденција за интензивирање на критичкиот однос на печатените медиуми кон работата на Агенцијата за електронски комуникации. Овие критички текстови се однесуваат на перцепираниот зголемен прилив на сретства во Агенцијата, на начинот на нивното трошење и на законската регулатива во подготовка, која според критичарите уште повеќе ќе го зголеми овој тренд. Во овие написи се следи зголемувањето на трошењето на сретствата за рекламирање на Агенцијата. Сепак, заради кратката временска дистанца не можеме да извлечеме конечни заклучоци за намерите на медиумите во ова поле. Затоа ќе биде неопходно да се продолжи со следење на развивањето на овие стории во печатените медиуми.

## ЗАКЛУЧОК

Односот на печатените медиуми кон работата на АЕК зависи од четири основни варијабли:

1. актуелноста на темите во медиумскиот простор во определен момент;
2. генералната политичка ориентација на определен медиум;
3. односот на медиумите кон останатите актери инволвирани во определен случај;
4. генералниот внатрешнополитички контекст во Република Македонија во определен момент.

Доколку активностите на АЕК можат да се стават во контекст на некоја „голема" тема која е особено актуелна за медиумите, тие привлекуваат особено медиумско внимание. Исто така, активностите на АЕК кои неможат да се поврзат директно со таквите теми, добиваат многу помал одглас во печатените медиуми.

Односот на определен медиум кон работата на АЕК зависи од односот на истиот кон генералната политика на Владата на Република Македонија. Доколку медиумот е покритички определен во однос на Владата (односно близок до опозицијата), тогаш и неговиот однос кон активностите на АЕК е понегативен и покритички.

Доколку медиумите имаат изграден позитивен или заштитнички однос (од било кои причини) кон субјекти кои се јавуваат како актери во спор со АЕК (кој е медиумски актуелен), тогаш таквиот став на медиумите произведува негативен однос кон активностите на АЕК. Таквиот однос е забележлив и во случаи кога АЕК не е директно вклучена како страна во спорот. Доколку медиумите имаат неутрален или негативен однос кон останатите актери во таквите случаи, тогаш нивниот однос за активностите на АЕК е неутрален или позитивен.

Длабочината на споровите, како и острината и интензитетот на конфронтацијата помеѓу политичките субјекти се рефлектира и врз односот на печатените медиуми кон работата на АЕК. Во моменти на поинтензивна конфронтација меѓу власта и опозицијата, станува поизразена блискоста помеѓу одреден медиум и одредени политички субјекти, односно се изострува политичката поделеност на медиумите. Таквата поделеност се рефлектира и врз односот на медиумите кон работата на АЕК, односно ставовите на печатените медиуми кон активностите на АЕК стануваат изразито поделени. Исто така, критиките упатени кој АЕК во таква ситуација можат да бидат мотивирани не само од активностите на Агенцијата, туку многу повеќе заради други (политички) причини во актуелниот политички момент.